РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

Архивски знак:__________
Рок на чување:__________год.
__________20___година
Потпис,
__________

01.30.32.УП.001.04

# УПАТСТВО
# ЗА ОДЛОЖУВАЊЕ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЦАРИНСКИ ДОЛГ

Декември, 2014

## Историја на документ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 01 | 05.04.2013 | Прво издание | / | / |
| 02 | 19.07.2013 | Второ издание | Изменето<br><br>Бришани | Точки 10, 11, 13, 14, 15, 17, 19, 20, 21, 22, 23, 26, 27, 30<br><br>Изменета нумерација точки 4, 6, 7, 8, 9, 12, 16, 28, 29<br><br>Точки 5, 18, 24, 25 |
| 03 | 13.12.2013 | Трето издание | Изменето<br><br>Дополнување<br><br>Бришани | Точка 12 и 15 став 2<br><br>Точка 18, став 4, алинеја 4<br><br>Точки 28, 29 и 30 |
| 04 | | Четврто издание | Изменети и дополнети<br><br>Бришани<br><br>Нови | Точка 10, 12,15, 16, 17, 21, 23, 24, 26, 27, 29 и Прилог 1<br><br>Точка 2, 3, 4, 5, 6, 7, 13, 18, 20, 28 и Прилог 2<br><br>Точка 2, 3, 9, 23, 24, 25, 26, 27 |

Врз основа на член 7 став 2 од Законот за Царинска управа („Сл.весник на Република Македонија“ број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12 и 167/14 ), директорот на Царинската управа донесе

# УПАТСТВО
# ЗА ОДЛОЖУВАЊЕ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЦАРИНСКИ ДОЛГ

## I. Општи одредби

1. Со ова Упатство се уредува начинот и постапката кои ги спроведуваат организационите единици на Царинската управа на Република Македонија (во натамошниот текст: Царинска управа) при одложување на плаќањето на увозни или извозни давачки и други давачки со еднаков економски ефект, како и на сите други давачки и даноци за кои царинските органи се надлежни да ги наплаќаат во царинска постапка.

2. Постапката за одобрување на одложување на плаќање на увозните или извозните давачки се пропишани со одредбите на член 238, 239 и 240 став 1 точка а) и став 2 точка а) од Царинскиот закон, кои воедно се применуваат и за другите давачки и даноци, освен кога одложувањето на нивното плаќање не е уредено на поинаков начин со прописите со кои истите се пропишани.

3. Одложувањето на плаќање на увозни или извозни давачки и други давачки со еднаков економски ефект, како и на сите други давачки и даноци (во натамошниот текст: царински долг) се одобрува за секој износ на царински долг поединечно евидентиран во сметководствената евиденција согласно член 240 став (1) точка а) од Царинскиот закон или за износите на царински долг кој се наплаќаат за сите стоки пуштени за едно лице во текот на календарска недела или календарски месец кој еднократно се евидентира во сметководствената евиденција согласно член 240 став (1) точки б) и в) од Царинскиот закон, и тоа:
   - износот на царинскиот долг поединечно евидентиран во сметководствената евиденција мора да се плати во рок од 30 дена од денот по датумот на кој износот на царинскиот долг бил евидентиран во сметководствената евиденција.
   - износот на царинскиот долг еднократно евидентиран во сметководствената евиденција за сите стоки пуштени за едно лице во текот на една календарска недела мора да се плати во петокот од четвртата недела по таа календарска недела.

- износот на царинскиот долг еднократно евидентиран во сметководствената евиденција за сите стоки пуштени за едно лице во текот на еден календарски месец мора да се плати до шеснаесеттиот ден од месецот по тој календарски месец.

4. Приемот и обработката на барањата за одложено плаќање на царински долг, проверката на исполнетоста на условите, како и изготвувањето на одлуките по поднесените барања е во надлежност на Секторот за царински систем, Одделение за царински и даночни постапки (во натамошниот текст: Одделение за царински и даночни постапки).

5. Правилното спроведување на донесените одлуки за одобрување на одложување на плаќање на царински долг е во надлежност на Царинарниците преку царинските испостави во моментот на прифаќање на царинските декларации за пуштање на стока во слободен промет (во натамошниот текст: царински декларации).

6. Следењето на плаќањето на одложениот царински долг и преземањето на навремени мерки и активности за наплата на истиот преку активирање на прифатениот инструмент за обезбедување на плаќањето е во надлежност на Секторот за сметководство и финансии - Одделение за наплата на приходи, буџет и гаранции.

   Одделението за наплата на приходи, буџет и гаранции е должно континуирано и во итна постапка да го извести Одделението за царински и даночни постапки доколку утврди дека имателот на одобрението за одложено плаќање не го платил царинскиот долг во пропишаниот рок најмалку два пати во текот на една календарска година.

7. Организационите единици на Царинската управа при спроведување на одредбите на ова Упатство се должни меѓусебно да комуницираат на начин и постапка утврдени со Прирачникот за интерна комуникација помеѓу организационите единици во ЕДМС.

## II. Постапка и услови за одложување на плаќање на царински долг

8. Постапката за одложување на плаќање на царински долг започнува со прием на барање на образец даден во Прилог 1 кон ова Упатство (Образец 01.30.32.УП.001.04-ОБ.01.03).

Барањето се прима преку архивата на Царинската управа или преку Порталот за електронска комуникација (ПЕК).

Подносител на барањето од став 1 на оваа точка, како и корисник на одложеното плаќање на царински долг може да биде само примачот на стоката, наведен во рубрика 8 на царинската декларација.

9. Архивата на Царинската управа веднаш по извршениот прием на барањето од точка 8 на ова Упатство, а пред да го додели на натамошна постапка на Секторот за царински систем, проверува дали е платена пропишаната административна такса за овој вид на поднесоци и постапува согласно одредбите на Упатството за начинот на наплата на административни такси, а доколку барањето е испратено преку порталот за електронска комуникација, со истиот се постапува согласно одредбите на Корисничкото упатство за архивска обработка на електронски барања.

10. Одделението за царински и даночни постапки по прием на барањето е должно да утврди дали истото ги содржи сите податоци и/или докази кои овозможуваат проверка на исполнетоста на условите за одобрување на одложување наведени во точка 12 и 13 на ова Упатство.

11. Доколку со проверката на поднесеното барање се утврди дека не ги содржи сите потребни податоци и/или докази релевантни за одлучување или истото е поднесено од неовластено лице, Одделението за царински и даночни постапки е должно во рок од 5 дена до подносителот на барањето да достави покана со опомена за отстранување на недостатоците или дополнување на барањето, определувајќи му рок не подолг од 10 дена во кој е должен да го стори истото.

Во случај кога подносителот на барањето во определениот рок не постапи по поканата, Одделението за царински и даночни постапки е должно најдоцна во рок од 5 дена од истекот на тој рок да изготви Заклучок.

## III. Услови за одобрување на одложено плаќање на царински долг и начин на проверка на нивната исполентост

12. Одобрувањето на одложување на плаќање е условено со поднесување на гаранција од барателот.

При одлучување по барањето за одложување на плаќање на царински долг, Одделението за царински и даночни постапки може да бара и други документи и информации, согласно член 14 од Царинскиот закон.

13. Одделението за царински и даночни постапки при проверка на исполнетоста на условите од точка 12 на ова Упатство проверува дали поднесената гаранција е прифатена и евидентирана во Царинската управа согласно Упатството за царински долг.

14. Одложено плаќање на царинскиот долг може да се одобри и во случај кога подносителот на барање користи гаранција од друго лице. Во тој случај кон барањето се приложува и Договор со имателот на гаранцијата за нејзина употреба при одложено плаќање на царинскиот долг заверен на нотар.

## IV. Давање и укинување на одобрението за одложено плаќање на царински долг

15. Во текот на проверката на исполнетоста на условите од точка 12 на ова Упатство, Одделението за царински и даночни постапки е должно да ги обезбеди потребните податоци и/или докази и врз нивна основа најдоцна во рок од 5 работни денови да изготви:
- одобрение за одложено плаќање на царински долг, во форма на забелешка на поднесениот образец на барањето од точка 8 на ова Упатство или
- решение со кое барањето се одбива како неосновано, со образложение на причините за тоа одбивање.

Одделението за царински и даночни постапки изготвеното одобрение од став 1 алинеја 1 на оваа точка е должно веднаш да го евидентира во апликацијата на Царинската управа за одложено плаќање на царински долг од која се генерира единствен број кој понатаму во постапката на царинење се запишува во рубрика 44 од царинските декларации во форма P66 ONXX/YY.

16. Рок за давање на одобрение за одложено плаќање на царинскиот долг е 30 дена од моментот на прием на целосно барање.

17. По предлог на помошник директорот на Секторот за царински систем одлуките од точка 15 ги донесува директорот на Царинската управа или од него овластено лице.

18. Доколку имателот на одобрението не ги исполнува обврските кои му се определени со одобрението, како и доколку настанат околности спротивни на условите врз основа на кои е дадено одобрението, или пак доколку во постапка на контрола кај имателот на одобрението се утврдат неправилности, Одделението за царински и даночни постапки е должно веднаш да спроведе постапка за укинување на даденото одобрение и истото да го евидентира во

апликацијата од точка 15 став 2 на ова Упатство со цел царинските испостави да го оневозможат натамошното користење на постапка за одложено плаќање од страна на тој имател на одобрение, а во смисла на точка 20 од ова Упатство.

Во случајот од став 1 на оваа точка, Одделението за царински и даночни постапки е должно веднаш да ги извести Одделението за наплата на приходи, буџет, гаранции и анализи.

Во случај на ненавремено плаќање на одложениот царински долг Одделение за царински и даночни постапки до имателот на одобрение за одложено плаќање испраќа опомена со известување за нередовно плаќање на царинскиот долг. Две испратени опомени во текот на една календарска година повлекуваат укинување на даденото одобрение за одложено плаќање на царинскиот долг.

## VI. Евиденција и надзор

19. Одделението за царински и даночни постапки е надлежно за уредно правилно евидентирање на примените барања и донесените одлуки на начин и постапка уредени со Корисничкото упатство за евиденција на управни предмети во ЕДМС.

20. Одделението за царински и даночни постапки води евиденција на иматели на одобренија за одложено плаќање на царински долг во апликацијата од точка 15 став 2 на ова Упатство.

21. Царинарниците преку царинските испостави се должни во постапката на царинење со одложено плаќање на царински долг да внимаваат бројот на одобрението од точка 15 на ова Упатство задолжително да е впишан во рубрика 44 од царинската декларација и со проверка во апликацијата за одложено плаќање на царински долг да утврдат дали инструментот за обезбедување на царинскиот долг наведен во рубрика 48 од царинската декларација е опфатен со одобрението, а доколку тоа не е случај нема да се прифати таканоднесената царинска декларација.

## VII. Завршни одредби

22. Раководителот на Секторот за царински систем и управниците на царинарниците се одговорни за спроведување, предлагање на измена и дополнување на ова упатство.

23. Секторот за професионална одговорност и Одделението за внатрешна ревизија се должни да вршат инспекција и ревизија над правилната примена на одредбите на ова упатство.

24. Секторот за управување со човечки ресурси, во соработка со Секторот за царински систем, е должен веднаш по неговото потпишување, ова упатство да го направи достапно до сите вработени и во рок од 30 дена да одржи обука и power point презентација на царинските службеници на надлежните организациони единици преку видео конференција

25. Сите непосредни раководители се должни со ова упатство да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

26. Секое постапување спротивно на ова упатство повлекува дисциплинска одговорност.

27. Со донесувањето на ова Упатство престанува да важи Упатството за одложено плаќање на царински долг 01-009515/13-0004 од 13.12.2013 година.

28. Ова упатство стапува на сила со денот на негово потпишување.

Директор,
Наташа Радеска Крстевска

Број : 01-080874/14-0006
Скопје, 30 -12- 2014

Изработил: Александра И. Мишковска
Одобрил: Драган Ивановски
Согласен: Офелија Бајо

<table>
<tr><td>8.</td><td colspan="3">Согласно член 238 од Царинскиот закон, а врз основа на податоците наведени во точка 1-6 од ова барање, Царинската управа ОДОБРУВА одложување на плаќање на износот на давачки, со употреба на следниов/ниве системи на одложено плаќање согласно член 240 од Царинскиот закон:<br>☐ а) одложено плаќање се одобрува за секој износ на давачки поединечно евидентирани во сметководствената евиденција – систем А;<br>☐ б) одложено плаќање се одобрува за износите на давачки кои се наплаќаат за сите стоки пуштени за едно исто лице во текот на календарска недела – систем Б или<br>☐ в) одложено плаќање се одобрува за износите на давачки кои се наплаќаат за сите стоки пуштени од едно исто лице во текот на календарски месец – систем В.</td></tr>
<tr><td>9.</td><td colspan="3">Лицето од точка 1 на ова барање СЕ ЗАДОЛЖУВА:<br>- да го плати долгот најдоцна:<br>☐ а) во рок од 30 дена од денот по датумот на кој износот на давачките бил евидентиран во сметководствената евиденција - систем А;<br>☐ б) во петокот од четвртата недела по календарска недела во која биле пуштени стоките - систем Б и<br>☐ в) шеснаесеттиот ден од месецот по календарски месец во кој биле пуштени стоките - систем В.<br>- да води евиденција за износот и крајниот рок на одложување на долгот,<br>- да води евиденција за постапување по одобрението до износот на гаранцијата и рокот на нејзиното важење,<br>- писмено да ја извести Царинската управа за сите околности настанати по одобрувањето на одложено плаќање, а кои може да влијаат на одобрението, како и да ги стави на располагање на Царинската управа сите документи релевантни за одобрението,<br>- да овозможи непречен надзор и контрола од страна на Царинската управа во однос на исполнувањето на обврските од одобрението.</td></tr>
<tr><td></td><td>Број<br>Скопје,<br><br>Број на одобрение</td><td>(м.п.)</td><td>Директор,<br><br>_______________<br>(потпис)</td></tr>
</table>

# БАРАЊЕ/ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДЛОЖУВАЊЕ ПЛАЌАЊЕ НА ЦАРИНСКИ ДОЛГ

01.30.32.УП.001.04-ОБ.01.04

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Податоци за подносителот на барањето | | | |
| | Назив | | | |
| | Адреса | | | |
| | Даночен број | | Матичен број | |
| | Овластено лице | | Лице за контакт | |
| | Телефон/Телефакс | | Е-маил | |
| 2. | Вид на барање<br>☐ Прво<br>☐ Измена на постоечко Одобрение бр. ...............................<br>(Се врши измена во рубриките:........................................ ) | | | |
| 3. | Податоци за гаранцијата | | | |
| | Евидентен број на општата гаранцијата | | | |
| | Износ на гаранцијата во денари | | | |
| 3. | Царинска испостава во која ќе се употребува гаранцијата (се запишува шифрата и името на една или повеќе царински испостави) | | | |
| | Шифра и име | | | |
| 6. | Систем на одложено плаќање, согласно член 240 од ЦЗ,: | | | |
| | ☐ Систем А<br>☐ Систем Б<br>☐ Систем В | | | |
| 7. | Подносител на барањето | | | |
| | Име и презиме на овластено лице | | | |
| | Потпис на овластено лице | | | |

Пополнува Царинската управа

| | |
|---|---|
| Упатството го подготви: | Сектор за царински систем |
| Приматели: | Директор<br>Заменик директор<br>Советници на директорот<br>Помошници директори на сектори<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за: | Интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за управување со човечки ресурси<br>Сектор за царински систем<br>Архива |